Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 април 2020 година донесе

# У Р Е Д Б А
## со законска сила за финансиска поддршка на самостојните уметници за време на вонредна состојба

### Член 1

Со оваа уредба со законска сила се уредува финансиската поддршка на самостојните уметници за месеците април и мај 2020 година во месечен износ од 14.500,00 денари.

### Член 2

На самостојните уметници кои согласно член 16 став (3) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), се стекнале со право на доделување на месечни надоместоци од Буџетот на Министерството за култура за 2020 година во висина на средствата за придонеси за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување и за персонален данок на доход, им се доделува финансиска поддршка во износ од 14.500,00 денари за месеците април и мај 2020 година.

### Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр.44-2836/1
3 април 2020 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски